Технолошко-технички факултет-Велес
Примено: 15.03.2018
Орг. Един. 02 Број 141/1

Архивски знак 0204
Рок на чување: трајно
15.03.18
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Одбор за акредитација и евалуација на високото образование
Бр. 1409-159/2
27.02.2018 год.
СКОПЈЕ

# РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
# ОДБОР ЗА АКРЕДИТАЦИЈА И ЕВАЛУАЦИЈА НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ

УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“-БИТОЛА
Примено 07.03.2018
Организациона единица 08 - Број 343/1
АРХИВСКИ ПРИМЕРОК

Врз основа на член 71 став 2 алинеа 4 и член 104 став 2 од Законот за високото образование (“Службен весник на Република Македонија” број 35/08, 103/8, 26/9, 83/09, 99/09,115/10, 17/11,51/11, 123/12, 15/13, 24/13, 41/14, 116/14, 130/14, 10/15, 20/15, 98/15, 154/15, 30/2016, 127/16), Одборот за акредитација и евалуација на високото образование на Република Македонија, на својата 4 седница одржана на 15.02.2018 година, донесе

## РЕШЕНИЕ

**за акредитација на студискита програма Нутриционизам прв циклус студии на Технолошко- технички факултет Велес при Универзитет „Св. Климент Охридски“ во Битола**

1. Се акредитира студиската програма **Нутриционизам прв циклус студии на Технолошко- технички факултет Велес при Универзитет „Св. Климент Охридски“ во Битола** согласно Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според меѓународната Фраскатиева класификација која е дадена како Прилог 1 на Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија“ бр.103/10, 168/10 и 10/11).

2. Студиската програма од точка 1 на ова решение е во траење од 4 години (осум семестри).

3. По завршените студии на студиската програма од точка 1 од ова решение, студентот се стекнува со 240 ЕКТС и со звање:
**- Дипломиран инженер технолог - насока нутриционизам**
Научно - истражувачко подрачје: Техничко - технолошки науки
Научно – истражувачко поле: 221 Технологија на прехранбени продукти, 305 Здравтвена нега, 414 Прехранбена технологија
Научно – истражувачко област: 22108 друго, 30511 Исхрана и диететика, 30511 друго, 40401 Нутриционизам.

4. Акредитацијата на студиската програма од точка 1 на ова решение е за период од **пет** (I и II циклус) учебни години, почнувајќи од учебната 2018/2019......

5. Ова решение е конечно и влегува во сила со денот на донесувањето.

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ОДБОР ЗА АКРЕДИТАЦИЈА И ЕВАЛУАЦИЈА**
**НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ**

**О б р а з л о ж е н и е**

Врз основа на донесената одлука на Наставно-научниот совет на Технолошко - технички факултет Велес, прв циклус студиските програми „Нутриционизам", на 13.06.2017 година до Одборот за акредитација и евалуација на високото образование во РМ достави предлог за прифаќање на елаборат за акредитација на предметната студиска програма.

Одборот за акредитација и евалуација на високото образование во РМ, на 5 седница, одржана на 21.12.2017 формира стручна комисија за оценка на доставениот предлог и врз основа на позитивната оценка содржана и извештајот на стручната комисија, на својата 4 седница одржана на 15.02.2018 година, одлучи како во диспозитивот на ова решение.

Претседател
на Одборот за акредитација и евалуација
на високото образование

Академик Владо Камбовски